| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН<br>"СТУДИО АТРИМ" ДОО Штип |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Штип |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Весна Василева, дипл. инж. арх. - раководител на тимот<br>Александар Василев , дипл. инж. арх. - планер |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | „СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП<br>032/383-033 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Основа за изработка на предметната урбанистичка докунентација вон населено место се одредбите од член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл. весник на РМ бр.199/14) и Законот за измена и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл. бесник на РМ бр.44/15, 193/15, 31/16, 136/16 и 64/18), согласно кој урбанистички план вон населено место се донесува за плански опфат кој не е опфатен со генерален урбанистички план и со урбанистички план за село и се изработува во една фаза, како предлог план.Изработката на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип, се носи согласно одобрената иницијатива за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план бр. 09-3831/1 од 09.07.2021 год. и врз основа на Програмата за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 год. со број 08-4036/1 од 23.07.2021 година, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да - Енергетика | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип, има површина (проектниот опфат) од 1,2ха. Моќноста на фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е до 2 MW. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која | | | |

| |
|---|
| ќе се донесе. |
| Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за намалување на штетните емисии во воздухот, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонесе кон ублажувањето на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот на енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната поставеност на оваа локација одат во прилог за оформувњето на плански опфат за поставка на Фотоволтаична централа-градба за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија со капацитет до 2 MW. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Период од 2021 до 2026 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Урбанистичка документација за Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип. Проектниот опфат е дефиниран со следните граници : од северозапад граничи со КП 987,КП 988, КП 989, КО ЧАРДАКЛИЈА, од североисток граничи со КП 982, КО ЧАРДАКЛИЈА, од југоисток граничи со КП 977, КО ЧАРДАКЛИЈА, од југозапад граничи со КП 990, КО ЧАРДАКЛИЈА, површината на проектниот опфат е 1,2ха. Проектната документација треба да се изработи во размер М=1:1000.Проектниот опфат се наоѓа во КО Чардаклија, Општина Штип. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br><br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот докумен може да се појават од несоодветното управување со генерираниот отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Со реализацијата на урбанистичката документација ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со урбанистичката документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности, од механизацијата, отпадот, бучавата, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз луѓето, воздуот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.Овие влијанија се оценуваат какао можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | / |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасноста од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Со урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип, директно ќе се засегнати граѓаните кои живеат во непосредна близина и индиректно ќе се опфати и населението во целата општина. |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| Поволната географска положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни просторни видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план.Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се од еколошки аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објектот кој користи обновлив извор на енергија. |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br><br>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | / |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | / |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во рамките на просторот не се евединтирани изградени објекти и истиот преставува неизградено земјиште. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | / |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>/ |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br><br>Во близина на планскиот опфар нема резиденцијални објекти. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и |

намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани, проектниот опфатот е дефиниран со следните граници:од северозапад граничи со КП 987,КП 988, КП 989, КО ЧАРДАКЛИЈА, од североисток граничи со КП 982, КО ЧАРДАКЛИЈА, од југоисток граничи со КП 977, КО ЧАРДАКЛИЈА, од југозапад граничи со КП 990,КО ЧАРДАКЛИЈА, површината на проектниот опфат е 1,2ха. Проектната документација треба да се изработи во размер М=1:1000.Проектниот опфат се наоѓа во КО Чардаклија, Општина Штип, моќноста на фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е до 2 MW.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип, моќноста на фотоволтаичната централа за производство на електрична енергија е до 2 MW. Површината на проектниот опфат е 1,2ха, додека трае изградбата на објектите можното негативно влијание врз различните елементи на животната средина би биле со мал интензитет и само на локално ниво.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Со урбанистичка документација за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 978, КП 979, КП 980 и КП 981 КО Чардаклија, Општина Штип се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што преставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдувањето на електрична енергија, односно одржлво производство на енергија, отварање на нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленичките гасови, зголемување на енергетската ефикасност.Имплементацијата на урбанистичката документација со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во

| | |
|---|---|
| насока на реализација на генералните цели на одржлив развој преку намалување на вкупните мисии во воздухот од производствотона електрична енергија на конвенционален начин.Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на виљанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>/ | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Штип<br><br>Иван Јорданов |
| Датум 01.04.2022 год.<br>Место Штип<br>Архивски бр.18-1028/6 | М.П. |